# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**29.07.2024 год.** **Бр.IX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 47-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 26.07.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 47-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.07.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-703/1 од 29.07.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 47-та седница, одржана на 26.07.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 46-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 25.06.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-675/3 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа за време на манифестацијата:

-Научно културни средби Десет дена Крушевска Република во деновите 01, 02 и 03.08.2024 година;

-8-ми Септември ден на независноста на Републиката и ден на ослободување на Крушево на 06, 07 и 08.09.2024 година;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-675/4 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 26.07.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на одлуката за кофинансирање на проектот**
**Изградба на улица во с.Саждево со краци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за кофинансирање на проектот **Изградба на улица во с.Саждево со краци** бр.08-543/6 од 11.06.2024 година и тоа: во член 1 износот „395.129,00" се менува и гласи „699.761,00".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-675/5 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002), член 101-а од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.07.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на**
**СОУ „Наум Наумовски-Борче„ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 200.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за подмирување на заостанат долг за превоз на ученици.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-675/6 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.07.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот**
**на Општина Крушево за периодот од**
**01.01.2024 год. до 30.06.2024 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 год. до 30.06.2024 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-675/7 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.143/19; 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на годишниот план за вработување**
**на Општина Крушево за 2025 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година бр.03-674/1 од 18.07.2024 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-675/8 од 26.07.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата ("Сл.Весник на РМ" бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на ВД Директор во**
**ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево**

1. ДАНИЕЛА ДОАГА од Крушево ул.„Нико Доага„бр.44, дипломиран воспитувач се разрешува од функцијата ВД Директор на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево заради истек на мандатот за кој е именувана.

2. ДАНИЕЛА ДОАГА од Крушево, ул.„Нико Доага„бр.44, дипломиран воспитувач се именува за ВД Директор на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.

3. Мандатот на ВД Директорот трае до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 12.07.2024 година.

5. Примерок од Решението да се достави до именуваната, ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, именуван со Решение бр.09-66/1 од 12.01.2024 година му престана функцијата ВД директор заради истек на мандатот за кој е именувана.

Согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата, Градоначалникот именува ВД Директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до 6 (шест) месеци од денот на неговото именување. ВД Директорот именуван согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата не е должен да поседува лиценца за директор и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на странски јазик.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-66/3 од 12.07.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 123 став 1 од Законот за заштита на децата ("Сл.Весник на РМ" бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и "Службен весник на Р.С.М." бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен оглас во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен оглас за избор на директор во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.

**Член 2**

Управниот одбор на Детската градинка потребно е да објави Јавен оглас за избор на директор на Детската градинка.

**Член 3**

Во Јавниот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот оглас да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

**Член 4**

Управниот одбор на Детската градинка „Гонча Туфа" по претходно спроведена постапка, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.

**Член 5**

При спроведување на постапката Управниот одбор да ги почитува одредбите од Законот за заштита на децата и одредбите од Статутот на Детската градинка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-66/4 од 12.07.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр. стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 47-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2.Заклучок за усвојување на записникот од 46-та седница на Советот на Општина Крушево ............ 1
3. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти .......................................... 1
4. Одлука за измена и дополнување на одлуката за кофинансирање на проектот Изградба на улица во с.Саждево со краци ............................................... 2
5. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево ............ 2
6. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година .................................................................. 2
7. Заклучок за давање на согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година ..................................................................... 3
8. Решение за разрешувањеи именување на ВД директор во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево ........ 3
9. Одлука за објавување на јавен оглас во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево ........................................ 4

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.